**20162104695**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 28 став (3) од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/95, 38/02, 66/07, 98/08, 67/09, 13/13, 43/14, 148/15 и 27/16), министерот за надворешни работи во согласност со министерот за правда, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИ И ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА ВЕНЧАНИ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ИЗВОДИ ОД МАТИЧНИТЕ КНИГИ ОД СТРАНА НА ДИПЛОМАТСКИТЕ И КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за издавање на извод од матична книга на родени, извод од матична книга на умрени и извод од матична книга на венчани (во натамошниот текст: изводи од матични книги) и начинот на водењето на евиденција за издадените изводи од матичните книги од страна на дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Член 2

Издавањето на изводите од матични книги наменети за странство се врши преку електронскиот систем за водење на матичните книги на Министерството за правда - Управата за водење на матични книги (во натамошниот текст: системот).

Пристап до системот имаат овластените лица во дипломатско конзуларните претставништва, по претходно поднесено барање од страна на Министерството за надворешни работи до Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги по кое од страна на Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги се издава личен сертификат на секој од овластените лица на безбедносен уред обезбеден од страна на Министерството за надворешни работи (токен), со важност од пет години.

Член 3

Од страна на овластеното лице во дипломатско конзуларните претставништва, се поднесуваат барања до Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги за издавањето на изводите од матичните книги.

По поднесеното барањето за издавање на извод од матични книги, од страна на овластеното лице во Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги се одобрува барањето за издавање на извод од матични книги, а овластеното лице од дипломатско конзуларното претставништво го печати изводот и има увид само во податоците кои се наведени во изводот.

Доколку по одобрувањето на барањето за издавање на изводи од матични книги не е испечатен изводот од страна на овластеното лице во дипломатско конзуларното претставништво, овластеното лице кое го поднело барањето за издавање на извод од матичните книги испраќа електронска пошта до Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги со образложение зошто истиот не е испечатен и предаден на подносителот на барањето.

ен 4

За издадените изводи од матични книги наменети за странство се води евиденција во хартиена форма која ги содржи податоците: реден број, име и презиме на лицето на кое му се издава изводот, матичен број на граѓанинот (МБГ), сериски број на образецот и датум на издавање на изводот.

Евиденцијата се заклучува на крајот на секоја календарска година и се заверува со печат на дипломатско конзуларното претставништво.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 40-21399/6
19 октомври 2016 година
Скопје

Министер
за надворешни работи,
**Никола Попоски**, с.р.

Бр. 01-4267/1
18 ноември 2016 година
Скопје

Министер
за правда,
**Валдет Џафери**, с.р.